Уп. бр. 08-26

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од физичкото лице Зоран Кондратенко од Скопје XXX, на седницата одржана на ден 09.03.2026 година, го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која физичкото лице Зоран Кондратенко од Скопје XXX, ќе стекне контрола над Друштво за производство, инженеринг, трговија и услуги МОНТИНГ ИНЖЕНЕРИНГДОО Битола, ул. Новачки пат бр.7 Битола, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 26.01.2026 година а дополнето на 12.02.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од физичкото лице Зоран Кондратенко од Скопје XXX, со која Зоран Кондратенко ќе стекне контрола над Друштво за производство, инженеринг, трговија и услуги МОНТИНГ ИНЖЕНЕРИНГДОО Битола, ул. Новачки пат бр.7 Битола.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Физичкото лице Зоран Кондратенко** е сопственик на контролен удел во:

- Друштво за производство трговија и услуги и консалтинг ТЕХНОИЖЕНЕРИНГ ПРО ДООЕЛ Скопје со седиште на Булевар Србија бр.2 Скопје со дејност инженерски дејности и поврзано техничко советување;

-Друштво за трговија и услуги ХОУМ РОБОТС ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. Нобелова бр.17 Скопје со дејност трговија на мало со електрични апарати за домаќинствата;

- Друштво за производство на електрична енергиј, трговија и услуги МОНТИНГ ЕЛЕКТРО ПРОИЗВОДСТВО ДОО со седиште на Новачки пат бр.1 Битола со дејност производство на метални конструкции и делови на конструкции;

Физичкото лице Зоран Кондратенко има заедничка контрола над:

-Друштво за производство, инженеринг, трговија и консалтинг за течни и гасовити горива ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран ДОО увоз-извоз Скопј со дејност инженерство и со него поврзано техничко советување.
и

-Друштво за производство, инжинеринг, трговија и консалтинг ЕНЕРГО СИСТЕМ ИНСТАЛАЦИИ Скопје со дејност инженерство и со него поврзано техничко советување.

Друштво за производство, инженеринг, трговија и услуги **МОНТИНГ ИНЖЕНЕРИНГДОО Битола** е со дејност производство на метални конструкции и делови на конструкции.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 в) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**